РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 05.08.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 5079/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

2

1. ВЕСНА БЕНДЕВСКА
2. ПАВЛЕ АРСОСКИ
3. Даниша Бешова
4. Богдан [illegible]
5. Даниел Спиревски

Емилија Ангелова - Е. Ангелова
Сергеј Попов

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ,
по скратена постапка

Скопје, август 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25, 269/25 и 62/26) се уредуваат задолжителното пензиско и инвалидско осигурување, опфатот на осигурениците, правата од осигурувањето, матичната евиденција и основите на капитално финансираното пензиско осигурување.

Со Законот се уредени и органите на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, условите и постапката за именување и разрешување на членовите на Управниот одбор, директорот и заменик-директорот.

Со Законот за високи раководители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 146/26), се уредуваат опфатот и статусот на високите раководители во министерствата, другите органи на државната управа, управните организации, како и во други органи и фондовите. Исто така, со Законот се уредуваат условите и постапката за именување и разрешување на високите раководители, како и други прашања поврзани со нивниот статус и вршењето на функцијата.

Со предложениот закон се врши усогласување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со Законот за високи раководители. Во таа насока, се предлагаат измени и дополнувања на одредбите што ги уредуваат условите и постапката за именување на членовите на Управниот одбор на Фондот, директорот и заменик-директорот на Фондот, како и одредбите што се однесуваат на престанокот на нивниот мандат и разрешувањето пред истекот на мандатот.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Целта е да се усогласат одредбите на Законот за пензиското и инвалидското осигурување со Законот за високи раководители, со што се обезбедува кохезија во правниот систем и се избегнува колизија на законите.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Овој Предлог-закон не предизвикувафинансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на предложениот закон не се потребни дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија и истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Врз основа на член 175 став 1 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија предлагаме Собранието да расправа по Предлог на Закон, по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ
НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16, 132/16, 27/18, 35/18, 220/18 и 245/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 180/19, 275/19, 31/20, 267/20, 67/22, 79/23, 193/24, 75/25, 154/25, 269/25 и 62/26), во член 156 ставот (4) се менува и гласи:

„За член на Управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува условите за именување утврдени со Законот за високи раководители, освен условот за стекнато работно искуство за кој лицето треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правото, финансиското работење или системот на пензиското и инвалидското осигурување стекнато по завршувањето на високото образование.“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Член на Управниот одбор се именува во постапка утврдена согласно со Законот за високи раководители.“.

Ставот (5) станува став (6).

Член 2

Членот 158 се менува и гласи:

„(1) На член на Управниот одбор мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.

(2) Покрај случаите од ставот (1) на овој член, член на Управниот одбор може да биде разрешен и ако:

1) неоправдано отсуствува од седниците на Управниот одбор најмалку два пати едно по друго;

2) му престанал основот врз кој е предложен;

3) дополнително се утврди дека има личен интерес, интерес преку трето лице или интерес по која било друга основа, кој може да влијае врз неговата независност и непристрасност.“.

Член 3

Во член 159 во ставот (1) зборовите: „по пат на јавен конкурс“ се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„За именување на директор и заменик -директорсе спроведува постапка согласно со Законот за високи раководители.“

Ставот (3) се брише.

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Во ставот (7) кој станува став (6) бројот „5“ се заменува со бројот „4“.

Ставот (8) станува став (7).

Член 4

Членот 160 се менува и гласи:

„За директор, односно заменик директор на Фондот може да биде именувано лице кое ги исполнува условите за именување утврдени со Законот за високи раководители, освен условот за стекнато работно искуство за кој лицето треба да има најмалку пет години работно искуство, од кои две години раководно искуство во јавниот или приватниот сектор, односно искуство со раководење и управување со проекти од областа на правото, финансиите, економијата или пензиското осигурување, соодветна на делокругот на работата или надлежноста на Фондот, стекнато по завршувањето на високото образование како и да понуди најквалитетна програма за работа на Фондот.“.

Член 5

Членот 162 се менува и гласи:

„(1) На директорот, односно заменик-директорот на Фондот мандатот му престанува со истекот на мандатот, а пред истекот на мандатот се разрешува и мандатот му престанува по сила на закон согласно со Законот за високи раководители.

(2) Покрај случаите од ставот (1) на овој член, директорот, односно заменик-директорот на Фондот може да биде разрешен и ако:

1) го попречува или на друг начин го оневозможува остварувањето на правата и обврските на корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување и

2) во рок од два последователни квартали Фондот покажува негативни финансиски резултати во работењето.

(3) Директорот, односно заменик-директорот на Фондот може да биде разрешен и на предлог на министерот за социјална политика, демографија и млади, во случаите од ставот (2) на овој член, при вршење на правото на надзор.“.

Член 6

Во член 162-а во ставот (1) зборовите: „по распишан јавен конкурс, но не подолго од шест месеци “ се заменуваат со зборовите: „согласно постапка утврдена со Законот за високи раководители, но не за период подолг од шест месеци“.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе започне да се применува од 1 октомври 2026 година.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

### I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување содржи седум одредби.

Со членот 1 се усогласуваат условите и постапката за именување членови на Управниот одбор.

Со членот 2 се уредуваат случаите и постапката за разрешување член на Управниот одбор.

Со членот 3 се усогласува постапката за именување директор и заменик-директор.

Со членот 4 се усогласуваат посебните услови за директор и заменик-директор.

Со членот 5 се уредува предвременото разрешување на директорот и заменик-директорот.

Со членот 6 се усогласува постапката за именување вршител на должноста директор.

Со членот 7 се уредува влегувањето во сила и почетокот на примената на законот.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените решенија се меѓусебно поврзани и претставуваат една правна целина.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Законот за пензиското и инвалидското осигурување ќе биде усогласен со Законот за високи раководители и ќе се постигне кохезија на правниот систем, односно ќе се избегне колизија на два закона во делот на условите и постапката за именување на членовите на Управниот одбор на Фондот, директорот и заменик-директорот на Фондот, како и одредбите што се однесуваат на престанокот на нивниот мандат и разрешувањето пред истекот на мандатот.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

**Член 156**

(1) Со Фондот управува Управниот одбор.

(2) Управниот одбор има седум члена кои ги именува Владата на Република Македонија за време од четири години. Од вкупниот број на членови, пет члена се именуваат на предлог од:

- Министерството за социјална политика, демографија и млади еден претставник,
- Министерството за финансии еден претставник,
- репрезентативниот синдикат член на Економско социјалниот совет еден претставник,
- репрезентативно здружение на работодавачите член на Економско социјалниот совет еден претставник и
- Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија еден претставник.

(3) Управниот одбор од своите редови избира претседател и заменик-претседател за време од една година.

(4) За членови на Управниот одбор се предлагаат лица кои имаат високо образование и работно искуство од правото, финансиското работење или од системот на пензиското и инвалидското осигурување.

(5) Управниот одбор на Фондот, најмалку еднаш годишно, поднесува извештај за својата работа на усвојување до Владата на Република Македонија.

**Член 158**

Член на Управниот одбор се разрешува и пред истекот на рокот за кој е именуван:

- на негово барање,
- ако отсуствува од седниците на Управниот одбор неоправдано најмалку два пати едноподруго,
- ако му престанал основот врз кој е предложен,
- ако се утврди дополнително дека има лично, преку трето лице или по која било основа интереси кои можат да имаат какво било влијание на неговата независност и непристрасност и
- ако работи спротивно на закон.

**Член 159**

(1) Фондот има директор и заменик-директор кои ги именува Управниот одбор по пат на јавен конкурс.

(2) Конкурсот од ставот (1) на овој член се објавува во три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Во конкурсот се определува времетраењето на конкурсот кое не може да биде пократко од 15 дена.

(4) Согласност на одлуката за именување директор, односно заменик-директор на Фондот дава Владата на Република Македонија.

(5) По именувањето на директорот, односно заменик директорот на Фондот се склучува менаџерски договор меѓу именуваниот директор, односно заменик директорот и Управниот одбор.

(6) Директорот на Фондот, односно заменик-директорот се именува за време од четири години.

(7) По истекот на рокот од ставот (5) на овој член истото лице може повторно да биде именувано за директор, односно заменик-директор.

(8) Директорот го претставува и застапува Фондот.

**Член 160**

За директор, односно заменик директор на Фондот се именува домашно физичко лице кое ги исполнува следниве услови:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на изборот со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има завршено високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;

4) има минимум пет години работно искуство од областа на правото, финансиите, економијата и пензиското осигурување;

5) ќе понуди најквалитетна програма за работа на Фондот;

6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик:

- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода,
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) или
- поседува уверение, сертификат и/или потврда со кои се потврдува познавањето на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски или германски) на најмалку ниво Б2 (B2) од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како дaвател на оваа услуга.

**Член 162**

(1) Директорот, односно заменик-директор може да биде разрешен пред истекот на времето за кое бил именуван:

1) на негово барање;

2) ако настане некоја од причините поради кои според прописите за работни односи, му престанува работниот однос по сила на закон;

3) ако не постапува според закон, Статутот и општите акти на Фондот или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив;

4) ако со својата несовесна и неправилна работа му предизвика на Фондот значителна штета или ако ги занемарува или не ги извршува своите обврски и поради тоа настанат или би можеле да настанат потешки нарушувања во дејноста на Фондот;

5) ако го попречува или на друг начин го оневозможува остварувањето на правата и обврските на корисниците на права од пензиското и инвалидското осигурување;

6) ако работи спротивно на закон и

7) ако во рокот од два последователни квартали Фондот покажува негативни финансиски резултати во работењето.

(2) Директорот, односно заменикот-директор на Фондот може да биде разрешен и на предлог на министерот за социјална политика, демографија и млади во случаите од ставот (1) точки 3, 4, 6 и 7 на овој член, при вршење на правото на надзор.

**Член 162-а**

(1) Во случај кога е истечено времето за кое е именуван директорот, а по распишаниот јавен конкурс не е извршен избор на директор, како и во случај на разрешување на директорот од членот 162 од овој закон, Управниот одбор донесува одлука за именување на вршител на должноста директор до именување на директор по распишан јавен конкурс, но не подолго од шест месеци.

(2) На одлуката за именување на вршител на должноста директор од ставот (1) на овој член согласност дава Владата на Република Македонија.